Согласно член 44, 45, и 46 од Статутот на Тетекс АД Тетово, а врз основа на Одлуката за свикување на Годишно собрание на Друштвото број 487/9 од 19.03.2025 год., Одборот на директори на Тетекс АД Тетово објавува

# Ј А В Е Н П О В И К
## За одржување на Годишно собрание на акционерите на ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

Годишното собрание на акционерите на Тетекс АД Тетово ќе се одржи на ден 23.04.2025 год. (среда) со почеток во 12 часот, во салата во конфекција во Друштвото, во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1.

**Годишно собрание на седницата ќе работи по следниот**

**Д н е в е н р е д**

I Процедурален дел

1.Отварање на годишното собрание
2.Избор на претседавач на годишното собрание
3.Избор на записничар и два оверувачи на записник
4. Избор на еден бројач на гласови

II Работен дел

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2024 год.
- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2024 год.

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2024 год.
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи 2024 год.

3. Разгледување на Извештај на независен ревизор
- Предлог – Одлука за одобрување и усвојување на Извештај
4. Донесување Одлука за распределба на добивка остварена по годишна сметка
- Предлог – Одлука за распределба на остварена добивка

5.Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар
- Предлог –Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар

6.Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2024 год.
- Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот
- Предлог Одлука за распределба на резервирани финансиски средства

7. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2024 год.
- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот.

8. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции
- Предлог –Одлука за стекнување сопствени акции

9.Донесување финански план за 2025
- Предлог- Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2025 год за Тетекс АД Тетово

10.Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2025 год.
Предлог- Одлука за за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2025 год.

11Донесување  на одлука за усвојување на пречистен текст на Кодекс за корпоративно управување
- Предлог- Одлука за усвојување на пречистен текст на Кодекс за корпоративно управување.

12. Донесување  на одлука за усвојување на Деловник за работа  на Собрание на акционери.
- Предлог- Одлука за усвојување на пречистен текст на Деловник за работа  на Собрание на акционерина Тетекс АД Тетово.

**Се повикуваат акционерите на Тетекс АД Тетово, односно нивните законски застапници да учествуваат во работата на годишното собрание**.

**Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на годишното собрание, до Друштвото.**
**Секој акционер може да овласти полномошник  со писмено полномошно за учество на годишното собрание,  за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**Акционерот  може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.**

**Согласно Законот за изменување и дополнување на  Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата  и причините за давање на полномоштва од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на годишното собрание на акционери.**

**Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото  најдоцна на 22.04.2024 година, до 13:00 часот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Друштвото .**

**Согласно Законот за трговски друштва,  акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред  или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја  од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.**

**Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок 8 дена од денот кога е објавен  јавниот повик .**

**Годишното собрание ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на седница на годишното собрание  на Друштвото.**

**Одговорите на поставените прашања, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.**

**Гласањето на годишното собрание е јавно, а одлуките се донесуваат со потребното мнозинство гласови.**

**Увид во материјалите  од дневниот ред може да се изврши секој работен ден од 12.00 до 13.00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**
**Одбор на директори**